**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**SOLCOSERYL® / СОЛКОСЕРИЛ 8,3 mg / g гел за око**
(депротеинизиран хемодијализат од телешка крв)

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некое од несаканите дејства стане сериозно или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Солкосерил гел за око и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Солкосерил гел за око
3. Како да се употребува Солкосерил гел за око
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Солкосерил гел за око
6. Дополнителни информации за лекот

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СОЛКОСЕРИЛ гел за око И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Солкосерил гелот за око како активна супстанција содржи дијализат од телешка крв. Солкосерил гелот за око се употребува за третман на заболувања на корнеа и конјунктива од различно потекло:
- Улкус на рожницата од различни причини (повреди);
- Оштетувања на рожницата со бази и киселини;
- Воспаленија на рожницата од различни причини (кератитис булоса, пурулента, херпетика, неуропаралитика);
- Профилакса и терапија на радијациски повреди на рожницата (УВ зраци, Х-зраци и други краткобранови зрачења);
- Дегенеративни промени на рожницата и конјунктивата;
- Предоперативно и постоперативно лекување при трансплантација на рожницата;
- Кератоконјунктивитис сика.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ СОЛКОСЕРИЛ гел за око

**Немојте да употребувате Солкосерил гел за око:**
- сте алергични (преосетливи) на една или повеќе состојки на лекот.

**Бидете особено претпазливи со Солкосерил гел за око ако имате:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

- воспаление на окото
- носите контактни леќи

**Употреба на други лекови**

*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале кој било друг лек, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
Особено е важно ако истовремено земате:

- ацикловир и трифлуридин.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Според досегашното искуство, не е познато за ризик на плодот кога лекот се зема според упатството за примена. Меѓутоа, контролирани студии кај бремени жени не се направени. Како претпазливист, доколку е можно избегнувајте ја примената во текот на бременоста и доењето или побарајте совет од вашиот лекар или фармацевт.

**Влијание врз способноста за возење автомобил или за ракување со машини**

За време на терапијата со Солкосерил гел за око не смее да се управува со моторно возило или со машина најмалку 20 минути по апликацијата на лекот.

**Важни информации за некои од состојките во Солкосерил гел за око**

Солкосерил гелот за око содржи бензалкониум хлорид кој може да предизвика надразнување на окото. Потребно е да се избегнува контакт со леќи. Контактните леќи треба да се извадат пред аплицирање на гелот за око и да се сочека најмалку 15 минути пред да се стават повторно. Познато е дека ја менува бојата на леќите.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА СОЛКОСЕРИЛ гелот за око

Секогаш земајте Солкосерил гел за око точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни, консултирајте се со својот доктор или фармацевт.

Ако не е поинаку пропишано, се капнува по 1 капка гел во заболеното око, 3-4 пати дневно. Тубата мора веднаш по употребата да се затвори и врвот од тубата не смее да се допира со прсти.

**Ако сте земале поголема доза Солкосерил гел за око отколку што треба**

Токсични ефекти од предозирање при примена на Солкосерил гелот за око не се познати.

**Ако сте заборавиле да земете Солкосерил гел за око**

Пропуштената доза не претставува проблем.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови, и Солкосерил гел за око може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

Кратко печење може да се појави по апликација на Солкосерил гел за око, но третманот не треба да се прекине. Алергиски реакции се можни по повторувана апликација, како и за сите топични очни препарати.

*Ако кој било од несаканите ефекти станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА СОЛКОСЕРИЛ гел за око

Да се чува на температура под 25°C.
Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Не го употребувајте Солкосерил по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето по " Употребливо до:". Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
По првото отворање лекот не смее да се користи повеќе од 28 дена ако се чува на температура под 25°C.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Солкосерил гел за око**
- *Активна супстанција:* депротеинизиран хемодијализат од телешка крв.

1 g гел за око содржи 8,3 mg депротеинизиран хемодијализат од телешка крв, хемиски и биолошки стандардизиран (пресметано на сува супстанција).
- *Помошни состојки:* бензалкониум хлорид; сорбитол 70% (кристализирачки); карбоксиметилцелулоза натриум; динатриум едетат; вода за инјекции.

**Изглед на лекот Солкосерил гел за око и содржина на пакувањето**
Солкосерил гелот за око е безбоен до слабожолтеникав, многу слабоопалесцентен гел кој формира капки, без мирис.
Кутијата содржи 1 туба со 5 g гел за око и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**
Реш.бр. __________од __________

**Носител на одобрението за ставање во промет**
Септима дооел - Скопје
ул. Сава Ковачевиќ 13 бр. 9
1000 Скопје, Република Македонија

**Производител:**

Meda Pharma GmbH & Co. KG, Benzstrasse 1, 61 352 Bad Homburg, Германија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Упатството е одобрено ..............................**